Врз основа на член 112 од Законот за високо образование („Службен Весник на РМ" бр. 82/18) и одредбите од Статутот на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија од Скопје, Наставничкиот совет на седница одржана на 23.01.2019 година го усвои следново

**УПАТСТВО**
**за самоевалуација на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје**

1. **Општи одредби**

**член 1**

Со Упатството се утвдуваат единствените основи за самоевалуација и самоевалуационите методи и постапки на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје(во натамошниот текст: ФБЕ), а особено: целите и основите за вршење на самоевалуација, оценување на квалитетот на наставниот кадар, бројот на членовите и составот на Комисијата за самоевалуација, постапката на самоевалуацијата, правата и должностите на лицата што вршат самоевалуација, содржината и стандардите за подготвување и прифаќање на евалуциониот извештај, мерките што треба да се преземат во врска со резултатите и другите прашања поврзани со самоевалуацијата.

**член 2**

Контрола на квалитетот на вискообразовната и научно-истражувачка дејност со која се занимава ФБЕ се обезбедува преку две форми на оценување на дејноста: надворешна евалуација и самоевалуација.

Надворешната евалуација, ја врши Одборот за евалуација на високото образование на РМ.

Самоевалуацијата е стандардизиран процес кој се спроведува од страна на ФБЕ согласно законските прописи и интерните акти, чија цел е да придонесе за обезбедување на поголем квалитет на дејноста со која се занимава ФБЕ.

**член 3**

Со самоевалуацијата се утврдува состојбата во ФБЕ и се создаваат претпоставки за нивно континуирано подобрување преку:

- прилагодување и осовременување на студиските програми и перманентно подигање на нивото на наставнообразовниот процес;
- почитување на критериумите за избор и унапредување на наставници и соработници и создавање услови за нивно усовршување;
- унапредување на техничките и административни услови во кои ФБЕ ја врши дејноста.

**член 4**

ФБЕ за да ја задржи актуелноста, ќе ги следи потребите во земјата и странство за високостручни кадри од определени профили и ќе создава услови и претпоставки за нивно успешно образување.

**член 5**

Самоевалуацијата на ФБЕ ја врши Комисијата за самоевалуација составена од 3 члена.

Членовите од комисијата од претходниот став ги избира Наставничкиот совет со тајно гласање.

2 членови на Комисијата се бираат од редот на наставниците и 1 член од редот на студентите кој е претставник на Студентското собрание.

Од редот на членовите, Наставничкиот совет именува Претседател на Комисијата.

Мандатот на членовите на Комисијата од редот на наставниците е четири години, а од редот на студентите е една година.

**член 6**

Комисијата од претходниот член, самоевалуацијата ја врши според условите утврдени во Статутот на ФБЕ, ова Упатство, законските и подзаконските акти кои го уредуваат ова прашање.

**член 7**

Самоевалуацијата на ФБЕ се врши врз основа на квалитативна анализа и анализа заснована на релевантни квантитативни податоци.

Самоевалуацијата треба да доведе до судови, односно констатации за тоа што е позитивно, односно добро и посебно да се утврдат неповолните состојби и да се предложат мерките и инструментите за нивно санирање.

**член 8**

Самоевалуацијата се базира на согледување и анализа на состојбите на ФБЕ во повеќе сегменти, а особено на:

- мисијата и целите;
- стратегијата за остварување на мисијата на ФБЕ;
- студиски и предметни програми;
- наставен кадар;
- наставнообразовна дејност;
- научно-истражувачка дејност;
- студентите;
- просториите и другите материјални ресурси;
- наставно-научна соработка со сродни установи од земјата и странство.

## 2. Компоненти кои се самоевалуираат

**член 9**

Во процесот на самоевалуација на ФБЕ се евалуираат следниве компоненти:

- Наставниот и административен кадар и
- Условите во кои се врши дејноста.

**член 10**

Наставниот кадар се евалуира преку:

- опсервации на наставниот процес од страна на комисија на ФБЕ;
- анкетен прашалник одговорен од страна на студенти и
- самоевалуциони извештаи со кои наставниот кадар самиот го оценува сопствениот ангажман.

**Член 11**

Административниот кадар се евалуира преку:

- месечните извештаи кои ги доставуваат лицата вработени во администрација и
- анкетниот прашалник одговорен од страна на студентите.

**член 12**

Како услови во кои се врши дејноста се евалуираат: просторните услови, библиотеката, публикации, компјутерско-техничката опрема, можностите кои ги нуди ФБЕ преку соработка со бизнис секторот, меѓународна соработка, облици на неформално образование, учество на експерти од пракса и гости предавачи, посета на институции, Центар за кариера, учество на кадарот на конференции, обуки и проекти.

Оваа компонента се евалуира преку утврдување на фактичката состојба прикажана преку бројки.

### 2.1 Опсервации на наставниот процес

**член 13**

Опсервациите на наставниот процес претставува строго стандардизирана постапка на оценување на квалитетот на наставниот кадар, преку која се утврдуваат на неговите предности и слабости.

Опсервациите имаат корективна функција на начинот и квалитетот на изведување на наставниот процес и податоците до кои се доаѓа во текот на опсервациите се користат во процесот за избор во повисоко звање.

Опсервациите на наставниот кадар се прават врз основа на постапка утврдена со интерни акти на ФБЕ.

Опсервациите се вршат од страна на 2 членови на Комисијата за самоевалуација, од редот на наставниците.

За наодите и мислењата од опсервациите се информира конкретниот наставник кој е должен да постапи согласно препораките од Комисијата, доколку истите постојат.

Податоците од опсервациите се со висок степен на тајност и се чуваат кај едниот од членовите на Комисијата.

**2.2 Анкетирање на студентите**

**член 14**

Анкетирањето на студентите се врши со цел да се добие оценка и видување од студентите во однос на сопствената посветеност на процесот на студирање, квалитетот на наставниот процес и наставникот за секој предмет одделно и во однос на условите во кои се врши дејноста.

Анкетниот прашалник преку кој се собираат податоци од студентите се дистрибуира електронски до сите студенти со активен статус, кој во одреден рок треба да достават одговор.

Одговорите на анкетниот прашалник ги сублимира и анализира Комисијата за самоевалуација на ФБЕ.

**2.3 Самоевалуациони извештаи на наставниците**

**член 15**

Самоевалуационите извештаи наставниците ги поднесуваат до Комисијата за самоевалуација, на барање на Комисијата со цел точно утврдување на наставно-научниот, истражувачки и административно-развоен ангажман на секој наставник.

Анализата на извештаите од став 1 на овој член е проследена со индивидуални разговори со секој наставник со цел утврдување на поединечните перспективи и визии за сопствен развој и за развој на ФБЕ.

## 2.4 Самоевалуациони извештаи на администрацијата

**Член16**

Лицата вработени во администрација поднесуваат месечни извештаи до управата на ФБЕ во кои поединечно по ставки го наведуваат видот и обемот на работите што ги извршуваат во текот на месецот.

Извештаите од став 1 од овој член се користат од страна на Комисијата за самоевалуација со цел утврдување на видот и квалитетот на вршење на административната дејност.

## 3. Извештај за самоевалуацијата

**член 17**

По собирање на податоци врз основа на предвидените начини во ова Упатство, Комисијата за самоевалуација подготвува извештај.

Извештајот за самоевалуација се подготвува за интерни потреби на ФБЕ и за екстерни потреби согласно закон.

Извештајот треба аналитички објективно да ги одразува состојбите.

Извештајот содржи:

1. Вовед, во кој се објаснува процесот на самоевалуацијата;
2. Опис на високообразовната установа;
3. Приказ на студиските програми и на податоци за студентите на ФБЕ;
4. Податоци за Комисијата за самоевалуација на ФБЕ;
5. Компоненти кои се евалуираат;
6. Заклучни согледувања од процесот на самоевалуација.

**член 18**

Централно место во извештајот има анализата на целите на ФБЕ и обемот во кој тие се остваруваат.

Анализите ги осветлуваат добрите и лошите страни на сите сегменти што се предмет на самоевалуацијата.

Анализите се проследуваат со прилози мерки и активности за отстранување на недостатоците и подобрување на состојбите.

**член 19**

Во заклучните согледувања на извештајот за самоевалуација објективно се констатираат позитивните страни и согледаните недостатоци, како и мерките за нивно надминување.

**член 20**

Извештајот го потпишуваат сите членови на Комисијата за самоевалуација.

**член 21**

Извештајот за самоевалуација се објавува на интернет страната на ФБЕ и се доставува до надлежните институции согласно закон.

## 4. Преодни и завршни одредби

**член 22**

Составен дел од ова Упатство се формуларите за самоевалуација, интерните акти врз основа на кои се спроведуваат опсервациите и анкетните прашања кои се доставуваат до студентите.

**член 23**

Упатството стапува на сила на денот на усвојувањето од страна на Наставничкиот совет на ФБЕ.

**член 24**

Со денот на влегување во сила на ова Упатство престануваат да важат одредбите од Упатството за самоевалуација на Статутот на ПВУ-ВСШ "Факултет за бизнис економија"-Скопје со арх.број 02-39/2 од 16.09.2011 година.

Директор,

д-р Биљана Ѓозинска, с.р.